## КОНКУРС ЗА НАЈДОБРИ ПРИМЕРИ ОД ПРАКСАТА НА КВАЛИТЕТНО ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

## ПРОПОЗИЦИИ

**Право на учество** имаат сите наставници кои ги посетуваа семинарите за примена на Стандардите за оценување во Компонентата: Унапредување на оценувањето во УСАИД Проектот за основно образование

**Потребно е да се достави** опис или видео клип со иновативен пристап во формативното оценувањето што е применет и резултирал со поквалитетно учење и повисоки постигања на учениците. Обемот на примената (бројот на ученици и нејзиното времетраење) не е ограничен.
Текстуалните описи не треба да надминуваат 10 стр. (1800 знаци на стр.), не сметајќи ги прилозите, а видео клиповите не треба да траат повеке од 30 минути.

**Рокови:** краен рок за доставување е 30.04.2009

**Начин на доставување**: Трудовите треба да се достават во електронска форма (како PDF документи или видео записи: MPEG2;AVI; WMV или Real Player) на адресата assessment@pep.org.mk или на CD, преку пошта, на адреса: МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ, ул. Букурешка бр.91, 1000 Скопје, со назнака „За конкурс".

**Критериуми за оценување**: Трудовите ќе се оценуваат според следниве критериуми:

- Релевантност (значајност, важност) на примерот за унапредување на формативното оценување
    - 20% од оценката
- Содржина – при што ќе се има предвид како се објаснети
  1. целта на преземената активност;
  2 соодветноста на користениот инструмент, метода за оценување;
  3. текот на активноста;
  4. приказот на согледувањата за резултатите од активноста и
  5. препораките за надградување /подобрување на праксата на формативното оценување
    - 50% од оценката
- Документираност за спроведената активност (во кој степен описот е поткрепен со (релевантни ,соодветни, кои одговараат на активноста ) дополнителни докази за реализираните активности)
    - 20% од оценката
- Иновативност/оргиналност
    - 10% од оценката

**Награди:**

- Три најдобри примери на квалитетно оценување, прикажани преку видео клип, ќе бидат откупени за поединечен износ од по 15000 ден.
- Три најдобри примери на квалитетно оценување прикажани преку текстуален опис ќе бидат откупени за поединечен износ од по 10000 ден.

- Одреден број примери на квалитетно оценување ќе бидат откупени за износ од по 2000 ден.